Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-787/3
18-12-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 787/1 од 06.11.2023 година, поднесена од [redacted] од Ново Село, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија" бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-787/1 од 06.11.2023 година, поднесена од [redacted] **поради неуредност.**

### Образложение

Лицето [redacted] со адреса на живеење [redacted] Ново Село, на 06.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) достави претставка заведена под бр. 08-787/1.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржеше јасно наведени факти и околности врз кои се темели претставката, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, на 10.11.2023 година до подносителката достави барање бр. 08-787/2 за доуредување на претставката. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од денот на приемот на барањето, да ја доуреди претставката, согласно насоките во барањето.

Подносителката во предвидениот рок не ја доуреди претставката.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*

1. [redacted]
2. *Архива на Комисијата*